# ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА РАБОТНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

ГРАД
СКОПЈЕ

Автор: Радица Стојкоска

| | |
|---|---|
| Издавач: | Црвен крст на град Скопје |
| Печати: | Ситографика |
| Автор: | Радица Стојкоска |
| Уредник: | Сузана Тунева Пауновска |
| Илустрација: | Владимир Хаџи Пулевски |
| Тираж: | 50 |
| Година на издавање: | 2021 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

331.5-056.262(497.7)(047.31)

СТОЈКОСКА, Радица
Истражување за работните капацитети на лицата со оштетен вид на територија на Република Северна Македонија / [автор Радица Стојкоска ; илустрација Владимир Хаџи Пулевски]. - Скопје : Црвен крст на град Скопје, 2021. - 60 стр. : илустр. ; 21 см

Библиографија: стр. 58. - Содржи и: Прилози

ISBN 978-608-4812-04-3

а) Вработување -- Лица со оштетен вид -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 55581957

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 5

**1. ТЕОРЕТСКА ОПРЕДЕЛБА И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД** 7

1.1. Определување на основните поими од истражувањето 7

1.1.1. Детско слепило,лица со оштетен вид,слепи лица 7

**2. ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ** 8

**3. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 10

3.1. Цели и задачи на истражувањето 10

3.1.1. Задачи на истражувањето 10

3.2. Организација и место на истражувањето 10

3.3. Примерок од истражувањето 11

3.4. Методи и техники на истражувањето 11

**4. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НАТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД** 12

**5. ВТОР ДЕЛ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО ЗА РАБОТНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД** 35

**6. ПРЕПОРАКИ КОИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** 53

**ПРИЛОЗИ** 55

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** 58



# ВОВЕД

Истражувањето за работните капацитети на лицата со оштетен вид на територија на Република Северна Македонија произлезе од програмата за работа на Центарот за поддршка на лица со оштетен вид при Црвен крст на град Скопје за 2020 година. Центарот за поддршка на лица со оштетен вид беше поддржан, а и самото истражување беше поддржано од Град Скопје.

Меѓу другото Центарот за поддршка на лица со оштетен вид е социјален сервис, иновативен сервис и делуваше во полето на социјална заштита, психосоцијална поддршка, административна поддршка како и рекреативна поддршка на лицата со оштетен вид на територија на град Скопје. Центарот се залагаше за лобирање и застапување со цел подобрување на правата на лицата со оштетен вид како и нивно активно учество во општеството преку волонтеризам и активизам.

Сервисот овозможуваше и обуки на месечно ниво од полето на здравствената заштита како и обуки кои што се од интерес на корисниците со цел надополнување на знаењата од општествени теми и проблематики.

Во Република Северна Македонија постојат само парцијални статистики како што се податоците за членството на Националниот сојуз на слепи лица на РСМ, податоци од евиденција не невработени лица на АВРСМ или податоци за бројот на ученици во специјалните основни и средни училишта во РСМ. Според членството на лица со оштетен вид во Сојуз на слепи лица на РСМ издвојуваме 2.500 лица со оштетен вид на територија на РСМ. Се смета дека бројките се поголеми бидејќи за некои луѓе со оштетен вид кои живеат во рурални средини немаме информации ниту пак пристап. Исто така има и лица со оштетен вид кои што не се членови на сојузот.

Целта на ова истражување е да се дознае како лицата со оштетен вид функционираат на пазарот на трудот, дали се вработуваат, дали се дискриминирани поради оштетен вид, на кои работни места најчесто се вработуваат и дали лесно можат да се пробијат на пазарот на трудот.

Исто така целта на ова истражување е да се дознае и колку лицата со оштетен вид се спремни да се доквалификуваат односно посетуваат обуки за надополнување на работните капацитети со оглед на модерната технологија која што секојдневно се применува во начинот на работа па така некои од работните места кои што се предвидени за лица со оштетен вид најчесто се заменуваат со електронски уреди наместо со човечки фактор.

Користена е методологија на интервјуа спроведени со претставници од фирми/претпријатија на територија на Град Скопје со кои преку ова истражување ќе се дознае колку работодавачите се спремни да вработуваат и дали веќе имаат вработено лица со оштетен вид.



# 1. ТЕОРЕТСКА ОПРЕДЕЛБА И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИТЕ ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД

## 1.1. Определување на основните поими од истражувањето

Во овој дел од истражувањето најпрво ќе ги дефинираме поимите кои произлегуваат од самото истражување.

### 1.1.1. Детско слепило, лица со оштетен вид, слепи лица

Детското слепило се однесува на болести или состојби кои се случуваат во почетокот на животот на детето, кои довеле до слепило. Детското слепило не секогаш може да се третира на ист начин како кај возрасни бидејќи окото на детето е помало и помалку развиено.[1]

Лицата со пречки во видот се дефинираат под терминот слепи и слабовидни лица. За слабовидно лице велиме дека е лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 40% (0,4) и лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот поголема од 40% (0,4), но кај кое се предвидува извесно влошување на видот.[2]

За слепо лице се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот до 10%(0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25%(0,25) на кое видното поле му е стеснето до 20 степени. Според степенот на попреченоста слепите лица се распределуваат во три групи и тоа:

- Лице кое потполно го изгубило осетот за светло( амауроза);
- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот 5%(0,05)или лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) или има видно поле стеснето за 20 степени;
- Лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25%( 0,25) и кое има видно поле стеснето до 20 степени);
- Практично слепо лице се смета за лице кое со толку намалена функционална способност на органот за вид која не му овозможува воспитание и образование претежно по визуелен пат; [3]

---

[1] https://resursencentar.mk/informacii/dijagnozi-i-sostojbi/lica-so-osteten-vid/

[2] https://resursencentar.mk/informacii/dijagnozi-i-sostojbi/lica-so-osteten-vid/

[3] https://resursencentar.mk/informacii/dijagnozi-i-sostojbi/lica-so-osteten-vid/

# 2. ЗАКОН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во Република Северна Македонија постои Закон за вработување на инвалидни лица во кој што спаѓаат и лицата со оштетен вид.

Според Законот за вработување на инвалидни лица, за инвалидно лице според член 2 од истиот закон се смета лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, лице со пречки во интелектуалниот развиток и лице со комбинирани пречки кое според степенот на инвалидност има специфични потреби во работењето.

Според Законот за вработување на инвалидни лица со член 4 јасно се нагласува дека постојат мерки за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидно лице и тоа се:

- Доделување на неповратни средства за вработување на неопределено време на невработено инвалидно лице, адаптација на работно место на кое ќе работи инвалидното лице доколку таа е потребна и набавка на опрема според критериумите и на начин утврден со акт на министерот за труд и социјална политика;
- Ослободување од даноци и обезбедување на средства за придонеси;
- Финансиска поддршка во работењето; [4]

Граѓаните во Република Северна Македонија со оштетен вид се организирани во рамки на соодветни национални инвалидски организации.

Во РСМ ваков вид на национална организација е Националниот сојуз на слепи лица во РСМ. Националниот сојуз на слепи лица претставува сојуз на здруженија на граѓани. Како ваков национален сојуз, Сојузот на слепи лица на РСМ е член на повеќе национални, регионални и меѓународни консултативни тела и здруженија на лица со посебни потреби и слепи лица. Какако такви се: Национален сојуз на инвалидски организации на РСМ, Балкански консултативен комитет, Европски сојуз на слепите и Светскиот сојуз на слепите.

Националниот сојуз на слепи лица е основан во 1946 година.

Во него членуваат следниве општински и меѓуопштински здруженија на слепи лица

- Здружение на слепи и лица со оштетен вид Скопје
- Здружение на слепите лица на општина Велес
- Здружение на слепи лица на град Неготино
- Здружение на слепите лица на град Штип

[4] Закон за вработување на инвалидни лица (член 4, Службен весник на РСМ број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 29/2007,88/2008,161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15 и 147/15.

- Здружение на слепи лица на Здружение на слепи лица  Куманово
- Здружение на слепи лица Охрид
- Здружение на слепи лица на град Прилеп
- Здружение на слепи лица – Тетово
- Здружение на слепи лица – Битола
- Здружение на слепи лица Кочани
- Здружение на слепи лица- Струмица
- Здружение на слепи лица – Кавадарци
- Здружение на слепи лица Гевгелија
- Здружение на слепи лица Кичево
- Здружение на слепи лица Струга

Здруженијата на слепи лица од градовите Свети Николе и Гостивар во моментот на спроведување на ова истражување беа згаснати.

**Исказ на лице со оштетен вид**

***„Да се вклучат фирмите и обучат како треба да обезбедат работна средина за лицата со оштетен вид. Исто така и како да постапуваат со нив“.***

***С.П., Кочани (м)***



# 3. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 3.1. Цели и задачи на истражувањето

Општата цел на ова истражување е да се добијат сознанија за работните капацитети на лицата со оштетен вид на територија на Република Северна Македонија.

### 3.1.1. Задачи на истражувањето

- Да се утврди колкав процент од лицата со оштетен вид се во работен однос;
- Да се утврди колку од лицата со оштетен вид не се во работен однос;
- Да се утврди колку од лицата со оштетен вид се пензионери;
- Да се утврди дали лицата со оштетен вид работат на соодветна работна позиција и дали се дискриминирани;
- Да се утврди на кои работни места најчесто лицата со оштетен вид работат;
- Да се утврди колку од лицата со оштетен вид се доквалификуваат за работни позиции;
- Да се утврди колку од фирмите/претпријатијата на територија на Град Скопје вработуваат лица со оштетен вид;

## 3.2. Организација и место на истражувањето

Ова истражување беше организирано во два дела. Првиот дел од истражувањето започна во месец февруари 2020 година и траеше до крајот на октомври 2020 година. Првично ова истражување беше предвидено да се одвива преку фокус групи на цела територија на РСМ. Предвидено беше преку фокус групи кои ќе се одвиваат во секој град поединечно со испитаници со кои што заеднички преку дискусија ќе се потполнува и разгледува прашалникот со група од 20-30 лица со оштетен вид. Бидејќи набрзо по започнувањето на ова истражување започна корона кризата овој начин на истражување беше оневозможен поради корона вирусот и забраната за групирање на лица.

Истражувањето продолжи да се одвива телефонски. Координаторот на Центарот за поддршка на лица со оштетен вид преку контактирање со секое постоечко здружение на лица со оштетен вид на цела територија на РСМ обезбеди преку секретарите и вработени лица во здруженијата контакти од лица со оштетен вид од градовите поединечно.

По обезбедувањето на контактите, координаторот секое лице поединечно го контактираше и телефонски го потполнуваше анкетниот прашалник. Лицата со оштетен вид најпрво се прашуваа дали сакаат да бидат вклучени во анкетирањето, објаснето им беше дека станува збор за анкета која што служи исклучително за истражувачки цели и дека нивните податоци нема

нигде да се употребуваат. Потоа секое прашање беше читано поединечно и лицата со оштетен вид одговараа на што координаторот ги впишуваше дадените одговори на анкетните листови.

Вториот дел од истражувањето се одвиваше со реализирање на состаноци со цел да се направат интервјуа со претставници фирми/претпријатија/институции и компании да се увиди дали и колку вработуваат лица со оштетен вид. Интервјуата се одвиваа со фирми /претпријатија/институции и компании од територија на Град Скопје. Интервјуата се одвиваа во месеците ноември и декември 2020 година по претходно закажан состанок.

## 3.3. Примерок од истражувањето

Во ова истражување се анкетираа вкупно 500 испитаници од кои од женски пол се 213 и од машки пол се вкупно 287 лица со оштетен вид.

Направени се вкупно 50 интервјуа со претставници на фирми/претпријатија/институции и компании.

## 3.4. Методи и техники на истражувањето

Ова истражување ги примени квантитативниот и квалитативниот метод на истражување.

Квантитативниот приод беше употребен при формулација на хипотези, конструкција на варијабли и анализи на однос помеѓу варијабли се искористи квантитативен метод. Овој метод беше спроведен по пат на анкета со употреба на инструмент- прашалник. Прашалникот се спроведе во секоја општина поединечно на територија на Град Скопје односно општина Карпош, Ѓорче Петров, Бутел, Шуто Оризари, Чаир, Гази Баба, Аеродром, Кисела Вода, Центар, Сарај, Петровец, Трубарево и Илинден. Исто така анкетниот прашалник беше спроведен во градовите ширум РСМ и тоа: Куманово, Прилеп, Неготино, Пробиштип, Битола, Струмица, Кичево, Тетово, Гевгелија, Кочани, Радовиш, Велес, Штип, Струга, Македонски Брод и Кавадарци.

Прашалникот содржи прашања од општ карактер како што се социодемографските карактеристики, прашања кои се однесуваат на тоа дали лицата со оштетен вид се вработени во мометот на спроведување на овој анкетен прашалник, ако да каде, на каков начин бараат работа доколку не работат, дали се дискриминирани и повикувани на интервјуа за работа, дали добивале соодветна работна позиција согласно на нивната попреченост, дали до сега имаат поминато некаква обука за надополнување/зголемување на нивните работни капацитети како и дали чуствуваат потреба од некаков вид на обука.

Напомена: Ова истражување се спроведе согласно со мерките и препораките на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство за справување со КОВИД-19 и спречување на ширење на пандемијата. Истражувањето, освен во мал број на исклучоци со кои се реализираа директни средби, повеќето интервјуа се спроведени преку телефонска комуникација и преку онлине средби со учесниците

# 4. РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЛИЦАТА СО ОШТЕТЕН ВИД

Од вкупно 500 испитаници кои што ги опфати ова истражување, вкупно 287 лица со оштетен вид се од машки пол, а пак вкупно 213 лица со оштетен вид се од женски пол.

По градови во Република Северна Македонија од Скопје се вкупно 90 од машки пол, а пак 105 од женски пол, од Радовиш од машки пол се 6, а пак од женски пол се 3, од Велес од машки пол се 9, а пак од женски пол се 6 испитаници. Од Штип 11 испитаници се од машки пол, а пак 5 се од женски пол. Од Струга 21 испитаник се од машки пол, а пак 14 се од женски пол, од Македонски Брод 2 лица се од машки пол и исто така 2 лица се од женски пол. Од Куманово 21 лице се од машки пол, а пак 11 испитаници од женски пол. Од Прилеп 22 испитаници се од машки пол и 10 испитаници се од женски пол. Од Неготино 18 испитаници се од машки пол, а пак 13 се од женски пол. Од Пробиштип 4 испитаници се од машки пол, а пак 3 од женски пол. Од Битола имаме вкупно 16 испитаници од машки пол, а пак 6 од женски пол, од Струмица 9 испитаници се од машки пол, а пак 6 од женски пол. Од Кичево 13 испитаници се од машки пол, пак 3 од женски пол. Од Тетово 14 лица се од машки пол, а пак 5 од женски пол. Од Гевгелија 5 испитаници се од машки пол, а пак 14 од женски пол. Од Кочани 15 испитаници се од машки пол, а пак 3 од женски пол. Од Кавадарци 11 испитаници се од машки пол, а пак 4 од женски пол.

**Приказ број 1**




Од Град Скопје по општини се добија следниве податоци:

Најголем број на испитаници се од општина Кисела Вода, потоа следуваат општи-

ните Карпош и Бутел со по 20 испитаници, потоа Аеродром со 18, општина Чаир и општина Ѓорче Петров  со по  17 испитаници, Центар со 12 испитаници, Гази Баба со 11, Илинден и Шуто Оризари со по 9 испитаници, Петровец и Трубарево со по 8 испитаници и општина Сарај со  6 испитаници.

Во поглед на возраста во ова истражување беа вклучени полнолетни испитаници со наполенти 18 години кои остваруваат право на работа. Опфатени беа 500 испитаници на возраст од 18-89 години. Постарите испитаници кои што не се во редовен работен однос, однсоно се во пензија беа испитани и вклучени во ова истражување со цел да споделат свои работни искуства во текот на нивниот работен ангажман на нивниот  животот.

Во следната табела е прикажан табеларен приказ на испитаниците по години и вкупна бројка од секоја возраст поединечно.

**Табела број 1**

| Години на испитаници | **Вкупно** |
|---|---|
| 18 | 8 |
| 19 | 5 |
| 20 | 7 |
| 21 | 5 |
| 22 | 7 |
| 23 | 8 |
| 24 | 9 |
| 25 | 10 |
| 26 | 8 |
| 27 | 9 |
| 28 | 9 |
| 29 | 10 |

**Табела број 2**

| Години на испитаници | **Вкупно** |
|---|---|
| 30 | 9 |
| 31 | 7 |
| 32 | 7 |
| 33 | 6 |
| 34 | 9 |
| 35 | 7 |
| 36 | 9 |
| 37 | 6 |
| 38 | 7 |
| 39 | 5 |

Табела број 3

| Години на испитаници | Вкупно |
|---|---|
| 40 | 16 |
| 41 | 12 |
| 42 | 7 |
| 43 | 5 |
| 44 | 7 |
| 45 | 9 |
| 46 | 9 |
| 47 | 8 |
| 48 | 9 |
| 49 | 9 |

Табела број 4

| Години на испитаници | Вкупно |
|---|---|
| 50 | 11 |
| 51 | 7 |
| 52 | 8 |
| 53 | 11 |
| 54 | 10 |
| 55 | 13 |
| 56 | 9 |
| 57 | 8 |
| 58 | 14 |
| 59 | 7 |

Табела број 5

| Години на испитаници | Вкупно |
|---|---|
| 60 | 13 |
| 61 | 9 |
| 62 | 7 |
| 63 | 6 |
| 64 | 8 |
| 65 | 11 |
| 66 | 6 |
| 67 | 6 |
| 68 | 3 |
| 69 | 8 |

Табела број 6

| Години на испитаници | Вкупно |
|---|---|
| 70 | 8 |
| 71 | 5 |
| 72 | 9 |
| 73 | 4 |
| 74 | 2 |
| 75 | 4 |
| 76 | 3 |
| 77 | 3 |
| 78 | 3 |
| 79 | 3 |

Табела број 7

| Години на испитаници | Вкупно |
|---|---|
| 80 | 2 |
| 81 | 1 |
| 82 | 1 |
| 83 | 1 |
| 84 | 12 |
| 85 | / |
| 86 | / |
| 87 | / |
| 88 | / |
| 89 | 1 |

** Од вкупно 500 испитаници за 5 испитаници немаме податок за возраста.*

Овој анкетен прашалник го обработуваше и социодемографскиот податок за лицата со оштетен вид во поглед на националната определба. Во анкетниот прашалник беа наведени следниве националности: македонец/ка, албанец/ка, турчин/ка, ром/ка, србин/ка, бошњак/ка, блав/ка и друго.

Најголема застепанест од испитаниците се забележува од македонска националност, потоа следува албанската националност, а потоа ромската.

Од следниот приказ може да се види во проценти застапеноста на испитаници по националности.

**Приказ број 2**




Образованието како социодемографски сегмет беше опфатено исто така. Од вкупно 500 испитаници најголем број од испитаниците имаат завршено средно образование и тоа вкупно 359 испитаници. Потоа следува основното образование и високото на трето место.

Следува приказ за образованието на испитаниците:

**Приказ број 3**




## Колку од лицата со оштетен вид се вработени во моментот на спроведување на ова истражување и нивните работни места и работни позиции

Во поглед на вработеноста на лицата со оштетен вид во моментот на спроведување на истражувањето беа понудени три одговори на поставено прашање дали сте вработени во моментот на спроведување на овој анкетен прашалник со понудени одговори да, не и пензионер.

Од вкупно 500 испитаници на овој одговор се добија следниве резултати:

Најмногу од испитаниците односно 227 испитаници одговориле дека во моментот на спроведувањето на овој анкетен прашалник не се вработени. Потоа вкупно 136 испитаници одговориле дека се вработени, а пак 137 испитаници во моментот на спроведување на оваа анкета се пензионери.

Графичкиот приказ на ова прашање би изгледал вака:

**Приказ број 4**




Вработените анкетирани лица со оштетен вид одговорија на прашање каде работат во моментот на спроведување на анкетата односно на која работна позиција. Добиените одговори ќе бидат прикажани подоле табеларно.

**Табела број 8**

| Работна позиција | Вкупно |
|---|---|
| Помошник пакувач | 3 |
| Работник на отпад | 1 |
| Картонажа | 12 |
| Хигиеничар | 2 |
| Амбалажа | 14 |
| Телефонист | 14 |
| Масер | 20 |
| Секретар на здружение на слепи лица | 2 |

Табела број 9

| Работна позиција | Вкупно |
|---|---|
| Проектен асистент | 2 |
| Преведувач на странски јазици | 1 |
| Производител на мед | 1 |
| Помошник магационер | 1 |
| Физиотерапевт | 10 |
| Јавно зеленило | 1 |
| Евидентичар | 1 |
| Општ работник | 8 |
| Хонорарец | 10 |
| Одделенски наставник (дефектолог) | 1 |
| Советник во одделение за слепи и слабовидни | 1 |

Табела број 10

| Работна позиција | Вкупно |
|---|---|
| Продавач | 1 |
| Професор по англиски јазик | 1 |
| Програмски координатор | 1 |
| Наставник по музичко | 1 |
| Професор по македонски јазик | 1 |
| Земјоделец | 6 |

Како што може да се забележи од прикажаните табеларни прикази погоре лицата со оштетен вид кои што во моментот на спроведување на ова истражување се во работен однос, најмногу од нив односно 20 работат како масери, потоа следуваат работните позиции амбалажист и телефонист со по 14 вработени, 12 лица со оштетен вид работат во картонажа, а пак со по 10 вработени физиотерапевт и хонорарец( нема определено работна позиција – работи по потреба каде што ќе го викнат за дневница).

## Лицата со оштетен вид кои што не се во работен однос дали претходно биле работно ангажирани или пак никогаш не добиле работен ангажман

Понатака во истражувањето се посвети внимание и на прашање за лицата со оштетен вид што не се моментално во работен однос дали претходно биле во работен однос и имаат работно искуство или пак никогаш во животот не биле работно ангажирани.

На ова прашање беа понудени два одговори односно: бев во работен однос и никогаш не сум бил/ла работно ангажиран/а.

На ова прашање одговараа само испитаниците кои што во моментот на спроведување на овој анкетен прашалник не беа вработени. Од претходно напишаната анализа може да се увиди дека вкупно 227 испитаници не се вработени во моментот на спроведување на истражувањето па така од нив вкупно 129 биле во работен однос, а пак 98 од нив никогаш до моментот на ова истражување не биле работно ангажирани.

Се забележува голем процент на работно неангажирани лица кои никогаш не засновале работен однос, односно 43% .

Приказ број 5




## Колку лицата со оштетен вид би сакале да бидат работно ангажирани

На ова прашање повторно одговараа испитаниците кои се изјаснија дека не се вработени во моментот на спроведување на ова истражување. Од вкупно 227 невработени испитаници на понудениот одговор дека би сакале да се вработени одговориле вкупно 145 испитаници, а пак 82 испитаници не би сакале да се вработени.

Приказ број 6



**Изјави на испитаници**

*„Не би можел да работам ништо“. Б.А., Скопје(м)*

*„Примам семејна пензија. Не смеам да работам“.С.С.,Скопје(ж)*

*„Не сум работела никогаш. Како да работам со оштетен вид“?С.Г., Прилеп (ж)*

*„Слеп човек не би можел да работи ништо“. Р.М., Неготино (ж)*

*„Јас сум работно неспособен. Слепо лице сум. Зарем мислите дека можам да работам“? Џ.С.,Охрид (м)*

*„Можам да работам се.Ако сум лице со оштетен вид. Не гледам пречка да не можам да работам“. Т.П., Струга (ж)*

*„Јас сум 99% слепо лице. Со документ сум слепо лице. Не работам ништо“.Ф.Х., Струга (м)*

*„Што би можела да работам со оштетен вид?“М.Ј., Куманово (ж)*

## Претходно работно искуство и ангажирање на работни позиции на лица со оштетен вид во текот на животот

На ова прашање одговараа подеднакво испитаници кои во моментот на спроведување на ова истражување се невработени и се пензионери. Ова прашање се поставуваше на оваа целна група да се увиди каде лицата со оштетен вид иако моментално не се во работен однос работеле односно на кои работни позиции, а исто така е битно да се слушнат искуствата од пензионираните лица со оштетен вид. Целта беше да се дознае кои фирми, претпријатија, институции на територија на РСМ располагаат или пак располагале со работни позиции за лица со оштетен вид. На прашањата каде што испитаниците не сакале да го дадат името на фирмата, претпријатието или пак институцијата каде што работат ќе биде наведена само работна позиција.

Со цел да се добие сликовит приказ на фирмите, институциите или пак претпријатијата на кои лицата со оштетен вид работеле истото ќе се направи со табелата која што ќе следи подоле. Во овој дел од истражувањето се анкетирани вкупно 266 лица со оштетен вид. Ова прашање не го одговараа лица со оштетен вид кои што до моментот на ова истражување немале засновано никаков работен однос односно никогаш не биле работно ангажирани.

**Табела број 11**

| Фирма, институција, претпријатие, установа | Фирма, институција, претпријатие, установа |
|---|---|
| Хемтекс | Акумулатори Злетово |
| Раде Кончар | Југохром |
| Македонски Железници | Винојуг |
| Сито Штампа | Елегант |
| Приватна фирма | Ројан |
| Печатница | МВР |

| | |
|---|---|
| Заштитно друштво | Импотрејд |
| Црвена Ѕвезда | Руен |
| Градска библиотека Браќа Миладиновци | Бетон |
| Нова Македонија | Водовод |

**Табела број 12**

| Фирма, институција, претпријатие, установа | Фирма, институција, претпријатие, установа |
|---|---|
| Фас 11 Октомври | ИОМ |
| Алкалоид | Гумново |
| Леов | Унипласт |
| Злетово | Џонсон контролс |
| Стружанка | Супер Фурна |
| Алфи Би | АД Полет |
| Зик Куманово | |

**Табела број 13**

| Работна позиција | Работна позиција |
|---|---|
| Администратор | Војник |
| Книговезец | Пакувач на готов производ |
| Телефонист | Музичар |
| Картонажа | Правник |
| Општ работник | Благајник |
| Погон влеча возови | Тезга на пазар |
| Медицинска сестра | Телефонист |
| Печатење | Земјоделец |
| Физиотерапевт | Кројач |
| Графичар | Библиотекар |

**Табела број 14**

| Работна позиција | Работна позиција |
|---|---|
| Фризер | Масер |
| Општ работник | Кореспондент |
| Бизнисмен | Секретар |
| Пакувач во погон за печурки | Инжињер |
| Промотер | Професор по музика |

**Некои од работните позиции наведени во претходниот табеларен приказ, се работни позиции кои што лицата со оштетен вид ги работеле пред да го изгубат видот.*

## Колку лицата со оштетен вид бараат работа доколку не се во работен однос

На ова прашање повторно одговараа лицата со оштетен вид кои што се изјаснија дека во моментот на спроведување на овој анкетен прашалник се невработени односно 227 лица со оштетен вид.

Па така вкупно 127 испитаници одговориле дека постојано бараат работа, 92 испитаници не бараат работа, а пак 8 од нив се изјасниле дека не можат да работат.

### Приказ број 7




## На каков начин лицата со оштетен вид бараат работа доколку не се во работен однос

На ова прашање беа понудени 4 одговори односно еден можен одговор е дека испитаниците бараат работа преку интернет огласи, втор можен понуден одговор е дека лицата со оштетен вид бараат работа како активни баратели во Агенција за вработување на РСМ, трет понуден одговор е дека бараат работа преку пријатели/познаници и четврт одговор е дека нивното семејство бара работа за нив.

Испитаниците не беа ограничени дека треба да одберат само еден понуден одговор, туку од понудените можеа да заокружат еден одговор, два, три или пак сите понудени одговори. Исто така ова прашање им беше поставено на сите испитаници кои што се изјаснија дека не се вработени без оглед на претходните одговори каде што имаше лица со оштетен вид каде што се изјаснија дека не бараат работа или пак не можат да работат. Па така лицата со оштетен вид најмногу одговориле дека бараат работа преку сите можни понудени одговори односно 89 од нив, потоа следува дека најмногу работа бараат преку Агенција за вработување на РСМ односно 60, од нив 40 лица бараат работа преку познаници/пријатели, 23 од нив бараат работа на интернет огласи и 15 од нив нивното семејство бара работа за нив.

## Приказ број 8




## Колку лицата со оштетен вид праќаат CV и дали се повикувани на интервјуа за работа

На ова прашање беа понудени два одговори односно да и не. Исто така на ова прашање одговараа сите 500 испитаници. Односно одговараа и тие што се вработени, невработени и пензионери со цел да се слушне мислењето од сите испитаници со нивното животно искуство во поглед на интервјуата кои ги имале во текот на животот без разлика дали е тоа пред пензионирање, пред да бидат вработени или пак во сегашните обиди да најдат работа на лицата со оштетен вид кои што не се вработени.

Со текот на истражувањето се увиде дека некои од испитаниците даваат и трет одговор кој не беше понуден во прашањето односно дека никогаш во животот не присуствувале на интервју па така и тој одговор ќе се смета во ова прашање како дел од одговорите на испитаниците.

## Приказ број 9



Па така од испитаниците се добија следните одговори:

На интервју по пратено CV биле повикани вкупно 221 лице со оштетен вид, не биле повикани на интервју 188 испитаници, а пак 91 лице со оштетен вид никогаш не присуствувале на интервју за работа.

**Изјави на испитаници**

*„ Никогаш не сум била на интервју.Зар може лице со оштетен вид да оди на интервју“?Д.И., Скопје (ж)*

*„ Не сум била на интервју. Не сум работела никогаш. Кој ќе ме прими вак-ва?Слепа...“В.Д., Скопје (ж)*

*„ Бев на интервју за работа еднаш. Правеа шеги со мене. Од тогаш не сум бил“.Ш.А., Скопје (м)*

*Аплицирав за работно место. Ме повикаа на интервју. Се исплашија од мојот изглед и моето слепило“.А.Р., Битола (м)*

## Дискриминација на лицата со оштетен вид на интервјуа за засновање на работен однос

На ова прашање одговараа испитаниците кои што до сега присуствувале на интервју за работа. Од претходното прашање може да се увиди дека лица со оштетен вид кои што биле повикани на интервју за работа се вкупно 221 лице па така ќе се разгледуваат одговорите само на овие испитаници.

Од вкупно 221 лица со оштетен вид кои што присуствувале на интервју за работа вкупно 122 лица со оштетен вид биле дискриминирани на интервју за работа, а пак вкупно 99 лица не биле дискриминирани на интервју за работа. Поголем е процентот на дискриминирани лица со оштетен вид на интервју за работа односно 55% отколку на испитаниците кои што не биле дискриминирани на интервју за работа.

Преку графички приказ одговорите на ова прашање би изгледале вака:

**Приказ број 10**



## Дали од кога организацијата/фирмата/установата која што Ве повика на интервју за работен ангажман по завршување на интервјуто Ве контактираа да Ви соопштат дека сте избрани за ангажирање на работна позиција или дека не сте избрани?

На ова прашање одговараа испитаниците кои што до сега присуствувале на интервју за работа. Од претходното прашање може да се увиди дека лица со оштетен вид кои што биле повикани на интервју за работа се вкупно 221 лице па така ќе се разгледуваат одговорите само на овие испитаници.

Прашањето понуди два одговори односно се одговараше со да и не.

Од вкупно 221 лица со оштетен вид кои што присуствувале на интервју за работа на вкупно 92 лица со оштетен вид организацијата/фирмата/установата на која што учествувале на интервју за работа им се јавила да им соопшти дека се избрани односно не се избрани за работен ангажман, а пак на 129 лица со оштетен вид не им се јавиле никогаш. Поголем е бројот на лица со оштетен вид кои што никогаш не биле контактирани по направено интервју за работа отколку бројот на контактирани лица со оштетен вид.

Приказ број 11




## Што би можеле да работат лицата со оштетен вид

Во табеларните прикази подоле се прикажани работни позиции за кои лица со оштетен вид сметаат дека би можеле да ги работат.

Табела број 15

| Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат | Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат |
|---|---|
| Картонажа (43) | Администрација (11) |
| Телефонист ( 76) | Специјалист едукатор и рехабилитатор (4) |

| | |
|---|---|
| Физиотерапевт (43) | Пакување на готов производ(17) |
| Односи со јавност (7) | Професор и наставник (6) |
| Раководител (1) | Редач на роба во маркет ( 10) |
| Музичар (18) | Преведувач на симултан превод( 6) |
| Работа на машина во печатница ( 10) | Правен асистент (4) |
| Масер (26) | Теренски супервизор (1) |
| Книговезец (15) | Општ работник (17) |

**Табела број 16**

| Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат | Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат |
|---|---|
| Чирак ( 4) | Угостител (8) |
| Ликовен уметник (5) | Правење на компјутерски апликации и електронска комуникација(2) |
| Гласноговорник и организатор (2) | Негувател на пациенти (1) |
| Менаџер по туризам и рецепционер (2) | Шиење и везење (2) |
| Информатичар (3) | Штампање на машина (8) |
| Монатажа на видеа (1) | Програмер (1) |
| Продавач во маркет (9) | Агитант (1) |
| Кинезитерапија (3) | Козметичар (1) |

**Табела број 17**

| Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат | Што сметаат лицата со оштетен вид дека можат да работат |
|---|---|
| Волонтер (8) | Во архива (8) |
| Градинар (6) | Во здруженија на слепи лица (5) |
| Шалтер за давање на информации (9) | Се што не е ограничено со вид (9) |
| Хигиеничар (9) | Ништо (63) |

**Изјави на испитаници**

*„ Истражував цел живот. Пишував трудови.Ако сум лице со оштетен вид. Користев помагала. Лупи..“ П.А., Струга (м)*

*„Ме малтретираа. Ми даваа да работам се и сешто, а знаеа дека не можам. Не гледам.Не можев повеќе и си заминав од работното место“. Ј.Н., Битола (м)*

*„Го изгубив видот на работното место. Не ми го сменија работното место со полесно, некаде каде што ќе можам пак да се пронајдам како лице со оштетен вид. Си заминав од таму“. П.М., Битола (м)*

*„Работам како лице со оштетен вид, меѓутоа дискриминиран сум на работното место“.К.К., Струга (м)*

## Работни искуства на лицата со оштетен вид

На ова прашање одговараа лицата кои што во моментот работат, биле во работен однос или пак се пензионери.

На ова прашање одговараа вкупно 402 лица со оштетен вид. На ова прашање не одговараа лица со оштетен вид кои што до сега немаат засновано никаков работен однос.

Во табеларен приказ подоле ќе бидат прикажани работните позиции на кои што лицата со оштетен вид работат или пак работеле.

Табела број 18

| Што работеле лицата со оштетен вид | Што работеле лицата со оштетен вид |
|---|---|
| Телефонист | Угостител |
| Физиотерапевт | Раководител на свој бизнис |
| Картонажа | Земјоделец |
| Масер | Графичар |
| Работник во печатница | Штампање на машина |
| Книговезец | Административец |
| Кинезитерапија | Домаќинка |

Табела број 19

| Што работеле лицата со оштетен вид | Што работеле лицата со оштетен вид |
|---|---|
| Пакување на готов производ | Библиотекар |
| Општ работник | Кројач |
| Музичар | Преведувач на симултан превод |
| Правник | Професор |
| Електоинжењер | Наставник |
| Градежен инжењер | Теренски супервизор |
| Војник | Преведувач на симултан превод |

Табела број 20

| Што работеле лицата со оштетен вид | Што работеле лицата со оштетен вид |
|---|---|
| Специјалист едукатор и рехабилитатор | Ликовен уметник |
| Секретар на здружение на слепи лица | Чирак |
| Благајник | Информатичар |
| Графичар | Програмер |
| Медицинска сестра | Правење на компјутерски апликации и електронска комуникација |
| Раководител | Козметичар |
| Редач на роба во маркет | Проектант |

Табела број 21

| Што работеле лицата со оштетен вид | Што работеле лицата со оштетен вид |
|---|---|
| Волонтер | На шалтер за упатување и давање информации |
| Градинар | Хигиеничар |
| Архивар | |

## Дали лицата со оштетен вид добиваат работни позиции согласно на нивната попреченост

**Изјави на лица со оштетен вид**

*„До сега не сум се запознал со адекватни работни услови за лица со оштетен вид“. М.Л., Кичево (м)*

*„Не се чуствувам никаде заштитено да работам. Ниту во приватен ниту во државен сектор“.В.Д., Скопје (ж)*

Ова прашање понуди два одговори односно да и не. Ова прашање не го одговараа испитаниците кои што во претходните прашања споделија дека никогаш не биле работно ангажирани во текот на нивниот живот односно вкупно на број 98.

Па така од лицата со оштетен вид кои што одговараа на ова прашање се добија следните резултати:

Вкупно 246 лица со оштетен вид сметаат дека во текот на нивното работно искуство во животот добивале работна позиција согласно со нивната попреченост, а

пак вкупно 156 лица со оштетен вид сметаат дека не добивале работна позиција согласно на нивната попреченост.

Задоволувачки е фактот дека поголем процент на лицата со оштетен вид сметаат дека добивале работна позиција согласно на нивната попреченост односно вкупно 49%.

**Приказ број 12**




## Каде би избрале лицата со оштетен вид да работат доколку имаат можност. Дали тоа би бил државниот сектор, приватниот сектор или пак невладини организации

### Изјави на лица со оштетен вид

*„Барав врски за во пензија. Ме тераа да потпишам документ дека нема да ми плати државата ништо бидејќи го изгубив видот на работното место". Ј.Д., Скопје (ж)*

*„Си доплатив стаж за во пензија. Не можам да работам со оштетен вид". Д.Б., Гевгелија (ж)*

На ова прашање беа понудени одговорите државна институција, приватен сектор и невладини организации.

Прашани беа сите 500 испитаници без разлика дали се пензионери и не се повеќе во работен однос и вработени лица кои што веќе имаат работа. Целта беше да се види како лицата со оштетен вид размислуваат по ова прашање без оглед на нивниот моментален статус на работен однос.

Од вкупно 500 испитаници, во државна институција би сакале да работат 286 лица со оштетен вид, во приватен сектор 68 лица со оштетен вид, во невладини организации само 63 лица, а пак 83 лица се изјаснија дека не би бирале и би можеле да работат во сите три понудени сектори.

Од прикажаните резултати се гледа дека лицата најзаштитено и најсигурно би се чуствувале доколку работат во државна институција односно 57% од испитаниците.

Приказ број 13




## Обуки за надополнување/зголемување на работните капацитети на лицата со оштетен вид

На прашањето дали до сега лицата со оштетен вид имаат поминато некаква обука за надополнување/зголемување на работните капацитети беа понудени два можни одговори. Лицата со оштетен вид одговараа со да и не. На ова прашање побаравме одговор од сите 500 испитаници и се добија следниве резултати:

Од вкупно 500 испитаници до моментот на спроведување на ова истражување само 47 лица со оштетен вид поминале некоја обука за надополнување/зголемување на нивните работни капацитети, а пак 453 лица со оштетен вид не поминале никаква обука.

Загрижувачки е фактот дека 91% од испитаниците не присуствувале или пак не се доквалификувале за некоја работна позиција тргнувајќи од тоа дека голем дел од нив не се вработени или пак никогаш не биле работно ангажирани.

Приказ број 14



### Изјави на испитаници

*„Сакам да напредувам, да вложувам во себе, да учам нови работи и да посетувам обуки. Ако сум лице со оштетен вид. Тоа не ме спречува во ништо" Г.И., Кочани (м)*

*„Лице со оштетен вид сум. Не размислувам за никакви обуки". Љ. С., Прилеп (м)*

*„Лице со оштетен вид за што би можело да посетува обуки"? Д.М., Прилеп (м)*

## Сметаат ли лицата со оштетен вид дека им се потребни обуки за надополнување/зголемување на работните капацитети

Ова прашање исто така се состоеше од два одговори односно да и не. Беа прашани само испитаниците кои што на претходното прашање се изјаснија дека немаат посетувано никакви обуки за надополнување/зголемување на работните капацитети, а такви беа вкупно на број 453. Од нив само 78 лица со оштетен вид сметаат дека им се потребни ваков вид на обуки, а пак поголемиот број од нив односно 375 сметаат дека не им се потребни.

**Приказ број 15**




## Која професија ја сметаат за идеална лицата со оштетен вид

### Изјави на лица со оштетен вид

*„Не можам ништо да работам. Откога го изгубив видот немам излезено од дома. Цело време сум дома. Не сум знаела дека постои можност да изучувам брајово писмо". М.Г., Гевгелија (ж)*

*„ Добро сме прифатени со сопругот во нашиот град. Иако сме лица со оштетен вид. Го промовираме многу друштвото за лица со оштетен вид". С.Ј., Кавадарци (ж)*

*„Каква идеална професија. Јас не можам ништо да работам. Слепо лице сум". Г.А., Прилеп (м)*

